## КЛУЧНИ ИНФОРМАЦИИ

Овој документ содржи клучни информации за инвеститорите во **Отворен инвестициски фондови Иново Статус Солар**. Ова не претставува рекламен материјал. Информациите содржани во овој документ се пропишани со Закон и подзаконски акти со цел да им помогнат на инвеститорите при разбирање на природата на овој Фонд и ризиците поврзани со инвестирањето во него. Наш совет е внимателно да го прочитате за да можете да донесете информирана одлука за потенцијалното инвестирање.

Фондот е управуван од страна на **Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје**, ул.Васил Иљоски бр. 8/1-3, Скопје.

Фондот е одобрен во РСМ и го регулира Комисијата за хартии од вредност на РСМ. Идентификациски број: 9130000000241.

Искажаните клучни информации се за инвеститорите и се точни на ден 22.05.2025 година.

## Цели и инвестициска политика

Друштвото за управување има за цел прибраните парични средства во Фондот да ги вложува на домашни и странски пазари на хартии од вредност заради остварување на долгорочни приходи.Отворениот инвестициски фонд **ИНОВО СТАТУС СОЛАР** им овозможува на институционалните и индивидуалните инвеститори пристап до повеќе пазари на хартии од вредност, при тоа овозможувајќи им управување на нивните средства и нивна ликвидност преку диверзифицирана структура на своето портфолио на хартии од вредност и ниски трошоци. Од 80-100% имотот ќе биде вложен во акции на компании кои произведуваат соларна енергија, или опрема за производство на соларна енергија; од 5-20 % имотот ќе биде вложен во акции на Македонска берза; од 0-10% имотот ќе биде вложен во инвестициски фондови кои инвестираат во сончева енергија; од 0- 15% пари на сметка. Сите наброени инструменти треба да припаѓаат на издавачи од пазари или земји членки на ЕУ, Република Северна Македонија,Република Црна Гора, Република Србија,Република Босна и Херцеговина, Албанија, ОЕЦД, ЦЕФТА, САД, Кина, Индија, Русија и Бразил.

Купувањето на удели се врши со уплата на парични средства на сметка на фондот и поднесено барање за купување на удели. Најнискиот износ на вложување е 6000 денари. Откупот на уделите се врши со поднесувањето на Барање за откуп. Исплатата на уделите врши во рок од 7 календарски дена по поднесено Барањето за откуп до Друштвото за управување. Детални информации за Фондот може да најдете во Проспектот на Фондот достапен на интернет страната на Друштвото за управување www. innovostatus.com.mk.

Приходите кои ги остварува Фондот, меѓу кои и приходите од дивиденда, ќе се реинвестира со цел да се зголеми цената на уделите во Фондот.

## Профил на ризичност и успешност

**Индикатор за синтетички ризик**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | **7** |
|---|---|---|---|---|---|---|

**Понизок ризик** ⟷ **Повисок ризик**

**Оваа скала е дефинирана од страна на Комисијата за хартии од вредност. Ризчната класа на Фондот е 7**

Синтетичкиот индикатор за ризик се мери преку пресметка на страндардна девијација, односно волатилност на фондот и од така добиениот резултат се одредува ризичната класа на Фондот. Стандардната девијација се пресметува врз основа на историски податоци за приносите на Фондот во последните 5 години. Историските податоци од приносот врз основа на кои се пресметува стандардната девијација, врз основа на кои се одредува ризичната класа, не се гаранција за идните движења на приносот и волатилноста на фондот. Тие може да се користат само како индикација. Фондот со текот на времето може да преминува од една во друга ризична класа. Инвестицискиот ризик претставува веројатност приносот од вложувањето во определен момент да биде помал од очекуваниот или негативен дури и ако фондот е рангиран во најниската ризична класа, односно најниската класа на ризик не значи дека инвестирањето е без ризик.

**Не може да се одреди ризична класа на Фондот, затоа што Фондот не отпочнал со работа.**

Универзалното инвестициско правило вели дека приносот и ризикот се обратно пропорционални, односно колку е повисок очекуваниот принос на вложените средства толку е повисок и ризикот кој се презема и обратно.

Освен синтетичиот ризик, фондот може да биде изложен и на други видови ризици како што се:

**Кредитен ризик:** Друштвото за управување ќе настојува да ги вложува средствата од имотот на Фондот во хартии од вредност, односно ќе го редуцира кредитниот ризик при своето инвестирање во хартии од вредност, со посредство на кредитни анализи, диверзификација на инвестициите и пратење на случувањата и тенденциите во економските и политичките услови. **Ликвиден ризик:** Друштвото за управување ќе управува со ликвидниот ризик преку вложување во ликвидни хартии од вредност на најликвидните берзи.**Пазарен ризик:** Друштвото за управување може да го намали пазарниот ризик, вложувајќи го имотот на Фондот во голем број на финансиски инструменти, со што преку диверзификација на портфолиото на Фондот ќе настојува да ја намали неговата вкупна ризичност. Друштвото за управување ќе вложува најголем дел од средствата на Фондот во акции на компании кои произведуваат соларна енергија или компании кои финасираат, развиваат, произведуваат, инсталираат или оддржуваат опрема за соларна енергија, компании кои произведуваат водород користејќи сончева енергија, компании кои произведуваат полначи на батерии со сончева енергија за електромобили како и комапнии кои се бават со продажба на сончева енергија, акции од Македонска берза на Република Северна Македонија, инвестициски фондови кои вложуваат во компании кои произведуваат соларна енергија или опрема за производство на соларна енергија и пари на сметка. **Каматен ризик:** Промената на каматните стапки нема непосредно влијание на активите на имотот на Фондот, но сепак како макроекономски параметар има влијание на целата економија, како и посредно влијание на активите на имотот на Фондот. Зголемувањето на каматните стапки посредно може негативно да влијае на вредноста на активите на имотот на Фондот, додека намалувањето на каматните стапки може позитивно да влијае на вредноста на активите на имотот на Фондот. **Валутен ризик:** Поради

флуктуација на девизните курсеви во однос на македонскиот денар, може да се појави валутен ризик кој претставува промена на вредноста на финансиските инструменти во кои Друштвото за управување инвестира средства на Фондот, а кои не се изразени во домашна валута. Во тој случај Друштвото за управување ќе вложува во финансиски инструменти изразени во различни странски валути. **Политички ризик:** Овој ризик е поврзан со можноста од евентуални внатрешно политички кризи на пазарите на земјите во кои ќе инвестира Друштвото за управување и промени во стопанското законодавство. Овој ризик е поврзан со водењето на политиката на една држава во негативна насока, која може да има негативно влијание на компаниите и инвеститорите да претрпат загуби. Друштвото за управување ќе се стреми да ги вложува средствата на Фондот во земји на кои може да се очекува минимално влијание на политичките кризи на пазарот на хартии од вредност.**Ризик од промена на даночната регулатива:** Зголемените даночни стапки може да се одразат негативно врз финансиските резултати на Друштвото за управување. Ова ќе резултира со намалување на профитабилноста на вложувањата на Фондот. Промената на даночната регулатива е надвор од доменот на влијание на Друштвото за управување.**Други ризици:** Други ризици кои можат да влијаат врз инвестирањето на средствата на Фондот се: можноста од нестабилност или воени дејствија во регионот и пошироко, здравствени ризици - пандемии како што е Ковид 19. Не можат да се предвидат идни екстремни ситуации, но може да се најдат начини за минимизирање на негативните ефекти.

Инвестициската политика, согласно која ќе се гради портфолиото на Фондот содржи средно до високо ниво на ризик, кое е повисоко од ризикот карактеристичен за паричните фондови или пак за фондовите кои инвестираат исклучиво во должнички хартии од вредност (обврзници). Со оглед на фактот дека вредноста на финансиските инструменти на пазарот на капитал секојдневно се менува, вредноста на уделот може да расте или паѓа и повратот на почетната инвестирана сума во секој момент, не е загарантирана. Заклучок на ова би било дека ризикот од вложување на пазарот на хартии од вредност, претставува можност или веројатност дека приносите од вложувањето можат да бидат незадоволителни или негативни. Друштвото за управување ќе воспостави сеопфатен и ефикасен систем за управување со ризици соодветен на природата, видот и обемот на работењето на Фондот, кој ќе содржи: стратегија и политика за управување со ризици; постапки и мерки за управување со ризици и техники за мерење на ризиците и проценка, следење и преиспитување на управувањето со ризици.

## Трошоци

Детален опис на трошоците кои се наплаќаат на товар на инвеститорите и на имотот на фондот, како и илустративни примери за истите се наоѓаат во Проспектот на Фондот кој е објавен на интернет страната на Друштвото www.innovostatus.com.mk

*Инвеститорите може да ја дознае реалната висина на влезните и излезните надоместоци кај инвестицискиот советник на фондот или овластените инвестициски агенти на Друштвото за управување. Трошоците кои се наплаќаат од инвеститорот се користат за намирување на трошоците за секојдневно работење на Фондот. Овие трошоци може да го намалат потенцијалниот раст на вложувањето.

**Износот на тековните трошоци се темели на очекуваните вкупни трошоци. Овој износ може да се разликува од од година во години.

| | |
|---|---|
| *Еднократни трошоци кои настануваат пред или после вложувањето (трошоци на товар на инвеститорот): | |
| **Влезни трошоци** | **1%-3,5%** |
| **Излезни трошоци** | **1% за вкупен принос повисок од 15% независно од временскиот период на управување на средствата** |
| Ова е максимален процент кој би можел да се одбие од превземената обврска на инвеститорот кон Фондот. | |
| **Трошоци на фондот во текот на годината | |
| **Тековни трошоци** | **3,39 % по член 63 од ЗИФ** |
| Трошоци од фондот во одредени посебни околности | |
| **Провизии од работењето** | **/** |

## Историски приноси




## Практични информации

Депозитарна банка на Фондот е НЛБ Банка АД Скопје, со адреса ул. Мајка Тереза бр. 1, 1000 Скопје.

Статутот, Проспектот како и годишните и полугодишните извештаи на Фондот достапни се на интернет страницата на Друштвото www.innovostatus.com.mk. Секој заинтересиран инвеститор може да изврши увид во истите и детално да се запознае со нивната содржина како и на барање да добие бесплатен примерок од истите.

Цената на уделите се објавува на интернет страната на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови Иново Статус АД Скопје, каде може да се најдат и практични совети за инвестирање во Фондот како и информативни пресметки за очекуваниот принос. Даночните прописи може да наметнат даночни плаќања кои имаат влијание врз остварениот принос, односно да влијаат на негово намалување.

Друштвото за управување, одговара за веродостојноста, потполноста и точноста на податоците содржани во документот со клучни информации и може да се смета за одговорно само доколку некои делови од документот доведуваат во заблуда, се неточни или не се во согласност со Проспектот на Отворениот инвестициски фонд Иново Статус Солар.